РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за логистика
Бр. 18/3-324/25
18-09-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 162 и член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 27/16, 120/16 и 165/17) министерката за одбрана донесе

# О Д Л У К А

I. За доделување на договор за јавна набавка

1. За најповолни понуди за набавка на чизми војнички во количина од 7.177 чифта (дел 1) и женски чевли за службена униформа во количина од 150 чифта (дел 3) за потребите на припадниците на АРМ, по спроведената отворена постапка по Оглас бр. 18/3-324/9 од 27.06.2018 година со Прилози бр. 18/3-324/11 од 03.08.2018 година, број 18/3-324/12 од 10.08.2018 година и број 18/3-324/14 од 20.08.2018 година за измена на податоци во постапката за доделување на договор за јавна набавка, се избираат:

- за дел 1 – чизми војнички, понудата на понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги АРМОР ПЛУС ДОО увоз-извоз Скопје;
- за дел 3 - женски чевли за службена униформа, понудата на понудувачот Друштво за трговија и услуги МИНОРД-ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

2. Со избраните понудувачи да се склучат договори за уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни по правосилноста на оваа Одлука.

II. За поништување на дел од постапката за доделување договор за јавна набавка

1. За дел 2 од предметот на договорот за јавна набавка – чизми за пилоти во количина од 95 парчиња за потребите на АРМ, постапката за јавна набавка да се поништи согласно член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки, од причина што не е поднесена ниту една понуда.

III. За оваа Одлука понудувачите да бидат писмено известени.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за јавни набавки спроведе отворена постапка за јавна набавка на чизми војнички, чизми за пилоти и женски чевли за службена униформа за потребите на припадниците на АРМ, согласно Одлука за јавна набавка бр. 18/3-324/3 од 26.04.2018 година по Оглас бр. 18/3-324/9 од 27.06.2018 година со Прилози бр. 18/3-324/11 од 03.08.2018 година, број 18/3-324/12 од 10.08.2018 година и број 18/3-324/14 од 20.08.2018 година за измена на податоци во постапката за доделување на договор за јавна набавка и тендерската документација во прилог.

На отворањето на понудите 04.09.2018 година во 10,00 часот, понуди доставија понудувачите „ДАУТИ КОМЕРЦ" АД с. Бојане општина Сарај, „АРМОР ПЛУС" ДОО

Скопје, „КАМЕКС Јован и други" ДОО Скопје, „МИНОРД ПРОМ" ДООЕЛ Скопје и „Prabos plus a.as" оод Република Чешка.

По разгледувањето на доставената документација, Комисијата за јавни набавки заклучи:

- доставената документација од понудувачот „Prabos plus a.as" Република Чешка е електронски потпишана наместо со дигитален сертификат издаден на правно лице, со дигитален сертификат издаден на физичко лице. Рокот на важност на банкарската гаранција на понудата на овој понудувач е помал од потребните 134 дена од денот на јавното отворање.

- доставената документација од понудувачот „ДАУТИ КОМЕРЦ" АД с. Бојане општина Сарај, во делот на техничка понуда не ги содржи сите барани податоци и информации од техничката спецификација (нема доставено извештај од извршено лабораториско испитување по акредирана метода на карактеристика AN - заштита на зглоб кое може да се утврди од доставениот извештај од извршените лабораториски испитувања бр. 2048418, потпишан од „CIS INSTITUT" Белград, каде на страна страна 2/6 во колоната добиени вредности е наведено дека сите нивоа на заштита се испитани освен карактеристиката AN - заштита на зглоб; друга некомплетност се состои во делот на барањата за техничка карактеристика на поставата (точка 47) - Водоотпрона мембрана од експандиран политетрафлуоретилен (PTFE), нема доставено лабораториско испитувања дека третиот слој од поставата е 100% PTF; трета некомплетност на доставената техничка понуда е во делот карактеристика под точка 42 - Отпорност на абразија на материјалот-текстилот (а не на полнењето на јазикот) на суво - мин 25.600 додека на водено-мин.10000 (МКС EN ISO 20344:2012), во доставената табела-Извештај со компаративни податоци потпишана од „CIS INSTITUT" Белград нема податоци за отпорност на абразија на материјалот на водено.

- доставената документација од понудувачот „КАМЕКС Јован и други" ДОО Скопје, во делот на техничка понуда не ги содржи сите барани податоци и информации од техничката спецификација (нема доставено извештај од извршено лабораториско испитување по акредирана метода на карактеристика AN -заштита на зглоб, кое може да се утврди во доставената табела-Извештај со компаративни податоци потпишана од „CIS INSTITUT" Белград каде е наведено дека Институтот CIS не е акредитиран за наведената метода за испитување на бараната карактерстаика (точка 6 – заштита на зглобот согласно EN ISO 20347 карактеристика AN и точка 15 - моделот чизма војничка за професионална употреба во црна боја, да биде изработена согласно EN ISO 20347 и EN ISO 20344, со карактеристики O2+SRC+HI+CI+FO+P+HRO+WR+AN и соодветните барања за квалитет наведени во тендерската документација), друга некомплетност е констатирано во врска со бараната техничка карактеристика на поставата точка 47 - Водоотпрона мембрана од експандиран политетрафлуоретилен (PTFE) нема доставено лабораториско испитувања дека третиот слој од поставата е 100% PTFE;

- доставената документација од понудувачите „АРМОР ПЛУС" ДОО Скопје и „МИНОРД ПРОМ" ДООЕЛ Скопје ги содржи сите барани податоци и информации од техничката спецификација.

Согласно Извештајите од поднесувањето на конечна цена на ден 14.09.2018 година, Комисијата за јавни набавки изготви Извештај од спроведената постапка бр.18/3-324/20 од 14.09.2018 година со предлог:

- за избор на најповолна понуда за бараните материјални средства од дел 1 – чизми војнички и од дел 3 – женски чевли за службена униформа, со напомена доколку носителот на планираната потреба ВП 2803/40 Скопје дообезбеди дополнителни

финансиски средства во износ од 81.700,00 денари со вкалкулиран ДДВ неопходни за реализација на набавката на средствата од дел 3.

- за поништување на постапката за јавна набавка на чизми за пилоти во количина од 95 парчиња за потребите на АРМ, согласно член 169, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки, од причина што не е поднесена ниту една понуда.

Носителот на планираната потреба за јавна набавка на женски чевли за службена униформа, ВП 2803/40 Скопје согласно известувањето од Секторот за логистика бр.18/3-324/21 од 14.09.2018 година достави реферат бр.05-7/322 од 18.09.2018 година година со кој се обезбедени дополнителни финансиски средства за реализација на предметната јавна набавка во вкупен износ од 81.700,00 денари.

Врз основа на предлогот на Комисијата за јавни набавки во Извештајот од спроведената постапка бр. 18/3-324/20 од 14.09.2018 година а при тоа имајќи го во вид и рефератот бр. бр.05-7/322 од 18.09.2018 година од ВП 2803/40 Скопје, согласно законските прописи одлучено е како во диспозитивот на одлуката.

Правна поука: Незадоволниот учесник од изборот на најповолна понуда може да изјави жалба до Државната комисија за жалби по јавните набавки во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката. Жалбата се поднесува лично или препорачано по пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија за жалби по јавните набавки.

Изработил: Саво Радоешки
Контролирал: Бујар Мустафаи
Согласен: полк. Бојанчо Апостоловски
Одобрил:Бранкица Гацова

Makedonski Telekom CA, RADMILA ShEKERINSKA JANKOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, RADMILA ShEKERINSKA JANKOVSKA
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=MINISTERSTVO ZA ODBRANA:4030990271748, serialNumber=CRT3538597, cn=RADMILA ShEKERINSKA JANKOVSKA
Date: 2018.09.18 16:14:39 +02'00'

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

Радмила Шекеринска - Јанковска